Архивски број: 08-398/3
06.09.24 година

Постапувајќи по претставката бр. 08–398/1 од 07.05.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Р.С. Македонија" бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следниот

# ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација бр. 08-398/1 од 07.05.2024 година поднесена од [redacted] од Скопје **поради неуредност.**

## Образложение

На 07.05.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација електронски преку интернет страната на Комисијата, подносителот достави претставка за заштита од дискриминација заведена под бр. 08-398/1.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно не беа јасно наведени факти и околности од кои може да се увиди одреден настан со опишани дискриминаторски дејствија, Комисијата согласно член 24 став 2 од истиот Закон, направи три обиди за достава на Барање бр. 08-398/2 од 22.05.2024 година за доуредување на претставката до подносителот, и тоа на 28.05.2024 година, 05.07.2024 година и 01.08.2024 година. Во сите три обиди, доставата е неуспешна, од причина што е утврдено дека наведената адреса во претставката е недоволна, односно нецелосна.

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и
заштита од дискриминација
Претседател,
Игор Јадровски